ПРИМАТОТ



Со оглед на ситуациите со коишто како Црква се сретнуваме во последно време, се потрудивме за читателите на Премин да изнајдеме соодветни текстови од современите православни богослови, коишто ги третираат актуелните теми од нашето секојдневие, и во голема мера можат да помогнат при градењето правилен став во однос на разни недоумениja.
Пред вас е првиот дел од текстот на А. Шмеман „Идејата за приматот во православната еклисиологија“.
Да повториме: проблемот на нашата помесна Црква не е од помесен (локален), туку од Вселенски (УНИВЕРЗАЛЕН) карактер. Не е проблем на МПЦ, туку е проблем на Црквата. Тоа е единствената можна перспектива на гледање.



# ИДЕЈАТА ЗА ПРИМАТОТ ВО ПРАВОСЛАВНАТА ЕКЛИСИОЛОГИЈА

Александар Шмеман

Под примат тука ја подразбираме црковната власт што е над власта на епископот, чија јурисдикција е ограничена на неговата епархија. Во црковната историја и во канонското предание ги среќаваме следните форми на примат:

а) Регионален примат – во рамките на црковната провинција или митрополиска област, односно група епархии (како што е дефинирано, на пример, во 33-то апостолско правило).
б) Примат во таканаречените автокефални Цркви: власта на патријархот или на архиепископот (на пример, Московскиот патријарх).
в) Универзален примат: приматот на Рим или на Цариград.

Меѓутоа, доколку се знаат фактите, во православното богословие фактички не постои еклисиолошко толкување на наведените примати. За нас е од особена важност разјаснувањето на природата и на функцијата на овие примати и, пред сè, разјаснувањето на самиот поим за приматот. Зашто, како во теоријата, така и во

практиката има многу недоразбирања во врска со дефинирањето на ‘врховната власт’ во Црквата, во поглед на нејзиниот домен и формите на нејзиното манифестирање. Од наведените три вида примат, единствено приматот во рамките на автокефалната Црква, повеќе или помалку, прецизно е дефиниран во секоја специфична ‘автокефалија’. Меѓутоа, дури и тука недостасува еклисиолошката димензија, оттаму и доаѓа шаренилото на постоечките обрасци – од речиси апсолутната ‘монархија’ на рускиот Патријарх до помалку или повеќе номиналниот примат на Атинскиот архиепископ – што ни го открива отсуството на заедничкото поимање на приматот, или отсуството на доследна канонска теорија за него. Руските епископи и канонисти двесте години ја отфрлале синодалната управа, којашто ја вовел Петар Велики, како неканонска, додека другите Православни Цркви ја признавале како канонска. Зошто вистинската патријаршка монархија во Русија (дури и епископите го нарекуваат патријархот отец) е поканонска отколку колективната управа или Светиот Синод? Со други зборови, кои се критериумите за каноничноста? Очигледно дека ниту еден од постоечките административни системи не може едноставно да се изедначи со канонското предание. Во емпирискиот живот на Црквата еден административен систем се заменува со друг, и секој од нив е резултат на ‘канонско прилагодување’, односно примена на канонското предание во специфична ситуација. Сепак, само јасното разбирање на канонското предание со сите негови теолошки и еклисиолошки импликации може да ни даде солидни критериуми за канонско проценување на некое од таквите „прилагодувања“ и за мерење на неговата каноничност.

Што се однесува до регионалниот и универзалниот вид на примат, за тоа не постои дури ни de facto консензус на православното мислење. Регионалниот примат, иако е јасно санкциониран со нашата канонска традиција, практично исчезнал од устројството и од животот на Православните Цркви, или е формулиран преку толку нејасни и двосмислени термини, коишто наместо да го решат уште повеќе го замаглуваат целиот проблем на приматот.

Оттука, решението на овој проблем сигурно е на „дневниот ред“ на нашето време. Не би било тешко да се докаже дека канонските и јуридикциските проблеми и поделби, коишто ги имаше многу во последните децении, имаат свои корени, на еден или на друг начин, во прашањето на приматот или, уште поточно, во недостигот на јасно дефинирано учење за природата и функциите на приматот.



А овој нерешен проблем претставува и најголема пречка за единството, а со тоа и за напредокот на православието во земјите како што е Америка, каде што парадоксот на лојалноста на извесен поим за ‘каноничност’ доведува до најнеканонски ситуации што може да се замислат – коегзистенција на неколку паралелни ‘јурисдикции’ и епархии на иста територија... Конечно, нема сомнение дека денес еклисиологијата – учењето за Црквата – е во самиот центар на нашите односи со неправославните. Меѓу римокатоличките теолози постои сè поголемо интересирање за православниот поглед на приматот, а не само за полемиката за приматот. Што се однесува до протестантите, од суштинска важност е тие да го разберат нашето поимање на универзалноста на Црквата. Значи, постојат причини за автентично богословско преиспитување на целото прашање. Па дури и ако веднаш не може да се даде конечен одговор, треба да се има предвид дека до него не може да се дојде без постојан богословски напор.

2.

Приматот го дефиниравме како облик на власт. Сепак, оваа дефиниција мора веднаш да биде разјаснета. Постои, имено, прелиминарно прашање: дали Православната Црква поседува власт која е повисока од власта на Епископот, односно власт над Епископот, па оттука и над Црквата на чие чело е тој? Ова е суштинското прашање за целиот проблем на приматот. Одговорите што на ова прашање ги дава еклисиологијата од една страна, и административниот систем од друга, се контрадикторни. Богословскиот и еклисиолошки одговор би требало да биде негативен: не може да постои власт над Епископот и над неговата Црква, т.е. епархијата, зашто „ако власта ѝ припаѓа на Црквата, како еден од нејзините составни елементи, таа мора да соодветствува на природата на Црквата, а не да биде разнородна со неа“. Службата на власт и на управување, како и сите други служби во Црквата, е харизма – дар на благодатта. Таа е дадена преку Светата тајна на свештенството, зашто единствено во Црквата е можна власт примена на светотаинствен начин, власт која по своја природа е благодатна, а и чија установа самата се заснова на благодатта. Во Црквата постојат само три харизматични степени, но без дарот на власт којашто би била повисока од епископската. Затоа во Православната Црква не постои светотаински чин на примат, ја нема харизмата на приматот. Кога таа би постоела, по својата природа би била различна од благодатта и, доследно на тоа, не би го имала својот извор во Црквата.

...како во теоријата така и во практиката има многу недоразбирања во врска со дефинирањето на „врховната власт“ во Црквата, во поглед на нејзиниот домен и формите на нејзиното манифестирање

Но, во сегашната канонска организација во Црквата таквата врховна власт не само што постои туку и заеднички се признава како темел на Црквата и на нејзиниот канонски систем. Точно е дека теориски се отфрла личната власт на еден Епископ над друг; приматот ја извршува „врховната власт“ обично преку некое управно тело; синодот, соборот итн. Сепак, за нас е важен фактот дека таквата врховна црковна управа секогаш е карактеризирана како власт над Епископите кои, според тоа, ѝ се подредени. Така „врховната власт“ е воведена во самото устројство на Црквата како нејзин битен елемент. Разидувањето меѓу канонското предание и канонските факти никаде не е толку очигледно како што е во овој универзален триумф на поимот на врховната власт. Православната свест, бидејќи ја отфрлила универзалната власт во нејзината римска форма, и сè уште ја отфрла, премногу лесно ја прифатила во таканаречените ‘автокефалии’.

Во ваквата состојба на прашањето што го формулиравме претходно не може да се одговори со просто повикување на историскиот преседан или на канонските текстови надвор од нивниот контекст, како што тоа често се прави во современите канонски расправи. Мораме подлабоко да нурнеме во самите извори на православното учење за Црквата, во суштинските закони на нејзината организација и на нејзиниот живот.

3

Православното предание е еднодушно во своето тврдење за Црквата како за органско единство. Овој организам е Христовото Тело и дефиницијата не е само симболична туку ја изразува самата природа на Црквата. Тоа значи дека видливото организационо устројство на Црквата е пројавување и остварување на Христовото Тело или, со други зборови, дека ова организациско устројство е вкоренето во Црквата како Тело Христово. Но иако учењето за Црквата – за Телото Христово – е засновано на Светото Писмо и на Светото предание, веднаш мора да се нагласи дека тоа никогаш не било вистински разработено и богословски протолкувано. Од причини коишто тука не може да се разгледуваат (некои подоцна ќе ги споменеме), ова учење прилично рано исчезнало од канонската (еклисиолошката) мисла и на Западот и на Истокот, и неговото пренебрегнување од страна на канонистите без сомение претставува трагедија чиишто резултати оставиле печат во сите сфери на црковниот живот и на црковното мислење. Во раната Црква канонското предание било составен дел на еклисиологијата – на живото искуство, на доживувањето на Црквата. Меѓутоа, малку по малку, тоа станало автономна област во која видливата црковна организација, функцијата на власта и на авторитетот и односите меѓу Црквите престанале да се сфаќаат во органска смисла на Црквата како Тело Христово. Губејќи ја врската со еклисиологијата, канонското предание станало ‘канонско право’. Но во таквото канонско право немало место за поимот Христово Тело, зашто тоа нема никаква врска со ‘правото’. Животот на Црквата почнал да се искажува со правни термини, а каноните, коишто некогаш биле (а суштински тоа и останале) еклисиолошко сведочење, се претворени во ‘правни норми’. ‘Мистеријата (таинството) на Црквата’ не била ниту негирана ниту забранета. Таа едноставно престанала да се поима како единствен закон на севкупниот живот на Црквата.

Денес забележуваме дека доаѓа до еклисиолошка преродба. Неа ја поттикнува желбата Црквата – нејзиниот живот, нејзиното устројство, нејзиното видливо единство – да се искаже преку соодветни богословски термини, а пред сè преку термините на Телото Христово. И токму во таа преродба, а во врска со „повторното пронаоѓање“ на традиционалниот поим на Телото, се прави нов обид да се разјаснат основните еклисиолошки поими на организмот и на органското единство, а овие, за возврат, да го формираат и условуваат севкупното поимање на приматот.

Руските епископи и канонисти двесте години ја отфрлале синодалната управа, којашто ја вовел Петар Велики, како неканонска, додека другите Православни Цркви ја признавале како канонска. Зошто вистинската патријаршиска монархија во Русија (дури и епископите го нарекуваат Патријархот ‘отец’) е поканонска отколку колективната управа или Светиот Синод? Со други зборови, кои се критериумите за каноничноста?